д-р Снежана АДАМЧЕСКА

# НЕКОИ АСПЕКТИ ВО ОСОЗНАВАЊЕТО НА ИСТОРИСКИТЕ СОДРЖИНИ

Специфичниот карактер на историските научно-сознајни факти пред наставникот по историја поставува мошне сложени задачи, условени од артикулационата поставеност на наставниот час, но и од неговата умешност програмските содржини да ги презентира како историско градиво. Во врска со тоа се наметнуваат повеќе прашања од методски, но и од методолошки аспект:

- каква е суштината и карактерот на сознанието на историските содржини од страна на ученикот во различни етапи од неговиот интелектуален развиток;
- каков е развојниот пат на осознавање на исторските содржини;
- каква е улогата на наставникот по историја и по Запознавање на општеството (ЗО)[1] во посредувањето меѓу ученикот и програмските содржини;
- кои сознајни механизми треба да се формираат кај ученикот самостојно да ги анализира историските факти и сл.

Овие аспекти ја откриваат глобалната стратегиска димензија на сознанието во наставата по историја. Многу посложени и посуптилни се микрометодичките аспекти на наставниот процес условени од: возрасните можности на учениците, степенот на сложеност и тежина на задачите што треба да се реализираат, интересот и мотивацијата на учениците за програмските содржини по историја и ЗО, концепциските решенија во учебниците, целисходната и благовремена примена на соодветни средства на наставната технологија и сл. Во таа смисла актуелни се следните прашања:

а) карактерот на исторските факти
б) методичката стратегија на часот
в) сознајните (когнитивни) процеси во личноста на ученикот
г) етапите на воведување во историските содржини
д) начинот на интерпретација на историските факти

[1] Во понатамошниот текст ќе ја употребуваме кратенката ЗО

## а) Карактерот на историските факти

При дефинирањето на предметот на проучување на историјата како општествена наука се идентификува природата и карактерот на фактите што таа ги презентира како сознајна материја. Меѓутоа, процесот на нивното сознавање ја наложува потребата од подецидно определување и спецификација врз чија основа историската наука се дистанцира од другите општествени науки. Овој момент е од суштинско значење бидејќи сите науки имаат свој историски развој, но според предметот на проучување не можат да се идентификуваат како историја: историја на филозофија во рамките на филозофијата, историја на педагогија во рамките на педагогијата и сл.

Од друга страна, во наставата по историја се реализираат задачи кои претставуваат дидактичка трансформација на научните факти обликувани во наставен предмет - историја и ЗО. Тоа значи дека и приодот кон нив во наставниот процес значително отстапува од научното толкување. Оттаму е значајно прашањето за утврдување на сознајниот идентитет на историските факти кои се предмет на сознавање во основното училиште во рамките на наставните предмети историја и ЗО.

На тоа сознајно ниво може да се говори за три аспекти на програмските содржини, идентификувани како наставно градиво по историја и ЗО:

1. историски факти: историски настани, појави, манифестации; збиднувања, конфликти, судири; историски личности, општествени групации, припадници на класи и слоеви; просторна локација (поширока и потесна); временски идентитет на настаните (година, век, ера и сл.); законски прописи, одлуки, документи и др.);

2. историски релации: откривање на причинско-последични врски и односи меѓу фактите; воспоставување на т.н. историска таксиологија во осознавањето; оспособување на учениците за историска хомеозичност (анализа со помош на споредби); сфаќање на комплексноста, слоевитоста и поливалентноста на историските сознајни факти;

3. временско димензионирање на историските факти: траење, континуитет, тек (хронолошки или синхрон).

Нашата наставна практика покажува недоволно внимание кон овие аспекти. Евидентни се појавите на т.н. дидактички материјализам во наставата кога ученикот се става во ситуација историските факти да ги интерпретира преку презентирање на нивната содржинска димензија. Оваа состојба е резултат првенствено на стилот на работа на наставникот кој во својата наставна реализација најчесто ги користи

методските облици на говорната метода: прераскажување, опишување, објаснување.

Овој стил на работа ја наметнува и ситуацијата врз основа на истите модели да еволуира и квалитетот на знаења на ученикот во кој најчесто се следи еден параметар - познавање на историските факти. Другите аспекти на знаењата кои ја градат суптилната мрежа на приодот кон историското градиво (историски релации, временско димензионирање и сл.) недоволно се препознаваат во знаењата на учениците.

Несомнено е дека познавањето на историсктие факти претставува прв сознаен постулат за откривање на нивната историска суштина, а живата пластична нарација на наставникот е можност повеќе кај ученикот да се развие интерес за историските содржини, но процесот на осознавање на историските факти е многу повеќе од нивно познавање.

Презентирањето на фактите во рамките на наставата по историја и ЗО не смее да претставува нивна репродукција. Тој стил на работа на наставникот наведува на нарација слична на литерарната која не секогаш има историски идентитет. Содржините по историја претставуваат суптилна наставна материја во чија суштина се проникнува ако се почитува историската релација и временското димензионирање на историските факти. Овие моменти создаваат најмногу тешкотии во конципирањето на учебниците по историја, кога авторот е во постојана дилема - како да создаде креативна синтеза во презентирањето на содржинската димензија на историските факти (а да не западне во фактографија) и временското втемелување на фактите. Во учебниците оваа дилема успешно се решава и врз основа на тоа еден настан како историски факт се дистанцира од логичка целина или содржински фрагмент од научно-популарен текст или од некој литературен вид, на пример.

Процесот на осознавање на историското градиво наметнува потреба од поливаленција во изворите и развивање на истражувачки техники кај учениците во откривањето на историските факти. Негувањето на истражувачки дух кај учениците упатува на користење на други, не секогаш вербални извори со различен степен на автентичност: сведоци и учесници во историски настани, споменици, музејски експонати, етнолошки и етнографски извори и сл.

Т.н. роднокрајна историја во наставната практика на западните воспитно-образовни системи не е само одговор на барањата на принципот за постапност, туку тенденција кај ученикот да се негува основна методолошка култура кон историските содржини. Оттаму, во личната карта на секоја воспитно-образовна институција задолжителни се експонатите

на историски амбиентални катчиња, организирани диорами и сл., а во работното досие на ученикот особено се вреднува изработениот елаборат или есеј за проучување на историска личност, настан, споменик и др. Во нашето училиште оваа практика недоволно заживеа.

### б) Методичка стратегија на часот

Досегашните искуства говорат за интензивна примена на моделите на наставна работа диктирани од мономорфниот приод кон реализацијата на целите и задачите по историја, како во однос на формите, така и во однос на методите на наставна работа. Ова обележје е присутно во наставата на речиси сите наставни предмети. Доминираат монолошките форми на говорната метода и поретка застапеност на демонстративно-илустративната метода. Во одредени етапи од артикулацијата на часот (вовед и завршен дел) има застапеност на наставниот дијалог.[2]

Мономорфниот стил на наставна работа се потврдува и преку доминацијата на фронталната форма, што значи дека на часот преовладува еднонасочна трансмисија на сознанијата (модел Н - У)[3]. Поретко се негуваат формите на кооперација со повисок степен на самостојност на учениците (тандемска, групна и индивидуална форма), односно моделите од типот У⟶Н 4 и У⟷У.

Последиците од овој стил на работа се укажуваат секојдневно: интелектуален замор и заситеност, апатија и одбивност, демотивација, но и апстиненција на учениците од наставата, што може да се протолкува како отпор кон нивниот слушателски статус и промоција во пасивен субјект на учениците во наставниот процес. Вербалните компоненти во процесот на сознание на историските факти истовремено даваат белег и врз обликувањето на етапата на евалуација на ефектите од наставната работа - од ученикот најчесто се бара знаење кое се заснова на репродуктивните активности и способноста за меморирање.

На часовите по историја најголема застапеност имаат визуелните наставни средства застапени во учебниците или во други извори што ги користи наставникот (слики, шеми, историски карти и сл.). Отсуствува користењето на аудитивен и аудио-визуелен материјал, што упатува на еднолично, но и посиромашно дидактичко и методско презентирање на наставните содржини. Недостасува т.н. наставна анимација на историските факти која може да се реализира преку примена на филмски

---

[2] Некои од ставовите на овој труд се дел од резултатите што авторката на прилогот ги презентирала на Републичкиот семинар на тема: Методи на активната настава, одржан на 16, 17 и 18.05.1994 г. во Скопје.

[3] Н (наставник) -У (ученик).

и ТВ адаптации, радио записи, радио драми и сл. Ова посредување создава услови ученикот да започне да негува и развива активен однос кон наставните содржини по историја, да гради истражувачки дух кон историските факти и да формира индивидуален приод кон нивната интерпретација (усовршување на говорната форма, проширување на пасивниот речник, градење и употреба на историска терминологија, дисциплина во говорниот израз, респект кон временските одредници на историските факти и сл.).

Овие компоненти можат да придонесат наставното градиво по историја да се осознае, но и да се доживее со рафиниран емотивен набој својствен за учениците од таа возраст преку кој се реализираат суптилните воспитни цели и задачи на наставата по историја и ЗО. Анализата на содржината на филмско остварување со историска тематика овозможува ученикот да го открие и доживее духот на времето во кое се одвива историскиот настан, да формира сопствен критериум за вреднување на содржината, да формира сопствен став и суд, да ги открие причините и последиците за одреден настан и сл. Овој дијапазон на активности на ученикот не ја загрозува суверената позиција на зборот на наставникот. Напротив, со него тој добива во своето значење како творец и креатор на сознајните процеси на учениците. Овде само се нагласува потребата од надминување на практиката зборот (изговорен или напишан) да биде единствен извор на сознанија.

### в) Сознајни процеси во личноста на ученикот

Суштината на процесот на разбирање и сфаќање на историското градиво својата основа ја наоѓа во формирањето на поимот за време. Времето е прва премиса во сознавањето на историските факти и треба да биде предмет на изучување во одделенската настава на основното училиште. Комплексноста на програмските подрачја и сознајните циклуси во одделенската настава ја наложува потребата формирањето на поимот за време да биде цел и задача во речиси сите наставни предмети. Засега подецидна идентификација на овој поим е присутна во наставната програма по Запознавање на општеството (IV одделение), а во елементарен вид е застапен во првите три одделенија во рамките на наставниот предмет Запознавање на природата и општеството.

Поимот за време треба да се формира заедно со поимот за простор. Анализата на содржините во одделенска настава покажува голема несразмерност во проучувањето на овие два поими. Поимот за простор е предмет на проучување уште во предучилишното воспитание. Поимот

за време најчесто се осознава преку откривањето на временските единици (непрецизно и прецизно, мерење на времето) и нема програмски континуитет.

Возрасните можности на учениците, но и суптилноста на историската димензија на времето не создаваат услови овој поим да се осознава во поголем обем и со адекватна продлабоченост. Тешкотии создаваат и говорните форми со чија помош се изразува поимот за време, не само како граматичка категорија туку и како форма во секојдневната говорна комуникација. Оваа специфичност претставува сериозна пречка поимот за време да се сфати и како филозофска категорија и како суштина на историските факти што подоцна ученикот ќе ги осознава.

Во Табела бр. 1. е презентирана категоризација на временските одредници присутни во најчесто застапените говорни форми на учениците од одделенска настава и кои се однесуваат на непрецизното и прецизното одредување на времето.

| Прилог бр. 1. | | |
|---|---|---|
| **КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ВРЕМЕНСКИ ПОИМИ** | | |
| сознајни елементи | поими | говорни форми |
| а) првично наративно поимање на времето како израз на минатост | во старо време;<br>некогаш;<br>еднаш;<br>одамна; | прераскажување на бајки и народни приказни |
| б) временски одредници како прилози за време | кога; откако; досега;<br>од кога; засега;<br>досега; додека; | прераскажување<br>раскажување |
| в) временски одредници како израз на зачестеност | често; ретко;<br>повремено; 1)<br>секогаш или<br>секојпат 2)<br>никогаш или<br>никојпат 3)<br>ПОНЕКОГАШ 4) | секојдневна говорна комуникација<br><br>прераскажување<br>раскажување |
| г) временски поими (компарации) | рано; порано;<br>најрано; доцна;<br>подоцна; најдоцна;<br><br>сега 5) | прераскажување<br>раскажување<br>опишување |

| | | |
|---|---|---|
| д) временски одредници како прилози за начин (презентна форма) | одеднаш; наеднаш; полека; бавно; споро; брзо | прераскажување раскажување опишување |
| ѓ) релативно прецизни временски одредници | завчера; вчера; денес; утре; задутре | раскажување опишување |
| е) идентификација и именување на конкретни временски поими | денонокие; седмица; месец; година;<br><br>денови во седмицата месеци во годината<br><br>годишни времиња (месеци во годишни-те времиња) | ЗПО, ЗО |
| ж) сфаќање на подолги временски периоди | декада; век; милениум; п.н.е | историја |

1) временски дисконтинуитет
2) временско траење (континуитет)
3) отсуство на временска локација
4) временски дисконтинуитет
5) временска презентност

Евидентно е дека во основата на приодот кон било која и било каква содржина е содржан поимот за време. Неговото поимање претставува процес на првично сфаќање на минатоста на сé она што се открива како настан, односно минливоста на сé она што на ученикот му се презентира како историски факт. Овој момент создава услови подоцна кога ученикот ќе осознава програмски содржини во рамките на наставата по историја, времето да го доживува како историска категорија врз која се темели севкупниот приод кон историјата како наставен предмет, но и како научна дисциплина.

### г) Етапи на воведување во историските содржини

Временската втемеленост на историските факти ја наметнува потребата од зголемено внимание на наставникот наставниот час да

не се претвори во нарација - говорно презентирање на настани. Ваквиот приод во суштина претствува редење на историски факти без нивно толкување, временска последователност и критичко согледување.

Во врска со тоа учениците уште во текот на одделенската настава се запознаваат со одредени историски настани со нагласен временски континуитет. Програмска задача на овие содржини е сфаќањето на текот на историските настани на одреден простор и во вид на фрагменти од историското минато. Овие содржини и приодот кон нивната презентација во сознајна смисла претставуваат подготвителна етапа за изучување на историски содржини што подоцна ќе се изучуваат во предметната настава.

Сфаќањето на историската димензија на времето и специфичноста на содржините по историја е предмет на сознавање и во V одделение. Понудените програмски решенија упатуваат на првичната употреба од формирање на поимот за време како историска категорија и негово доживување како рамка во која се одвивале настани со различно траење.

Во оваа втора етапа ученикот го запознава времето преку неговото основно обележје - минатост и минливост, но врз основа на конкретни историски настани кои имаат маркантно значење во сметањето на времето.

Доминацијата на хронолошкото презентирање на историските содржини во предметната настава на основното училиште создава услови секоја реализирана програма да претставува сознајна подготовка за совладување на наставното градиво што следува подоцна. Стекнатото искуство по пат на корелација и сознајна интеграција овозможува усвоените поими и временски релации да послужат како дидактички претходник на содржините што ќе се изучуваат подоцна.

Овој принцип во организацијата на наставните содржини соодветствува на возрасните можности на учениците - наставното градиво да го усвојуваат постапно, со неопходното "ткаење" на сознанијата и со неминовниот временски континуитет.

Извесно отстапување од овој принцип е забележливо на преминот од IV во V одделение. Тоа е повеќе резултат на програмски дисконтинуитет во рамките на ЗО (IV одделение) и историја (V одделение), кога ученикот го осознава времето според неговата универзалност.

Програмските решенија понудени во III и IV одделение овозможуваат ученикот да го сфати временскиот континуитет на историските содржини кои се интегрирани динамично и мошне есенцијално. Програмскиот расчекор се јавува како резултат на евидентното "враќање во времето" во V одделение. За оваа концепција има оправдани причини:

апстрактноста на времето како поим и конкретниот начин на мислење на учениците во одделенската настава; потребата од елементарно запознавање на учениците од таа возраст со историското минато на нашиот народ и доживувањето на временскиот тек на настани што се одвивале на овие простори и сл.

Почитувајќи ги наведените причини сепак се актуелизира прашањето дали тие не се одразуваат врз сознајните процеси кај учениците. За преминот од одделенска во предметна настава ученикот треба да биде подготвен низ самиот процес на осознавање, но и преку начинот на евалуација на неговите знаења на историските содржини. Во одделенската настава во рамките на ЗО временското втемелување на историските настани треба да биде нагласено како квалитет на знаењата со што во подоцнежното усвојување на историските содржини поимот за време ќе претставува сознајна алка, но и индикатор за оспособеноста на учениците за историско мислење.

Во Прилогот бр. 1 се презентирани примери на тест-ајтеми во кои се вреднува временската релација на историските настани.

| Наставен предмет | дидактички елементи | наставни методи | активности на ученикот |
|---|---|---|---|
| ЗО | временски асоцијации и релации во историските содржини | текст-метода | индукција<br>дедукција |

1. Со кој поим ги поврзуваш следните податоци: Карпати, земјанки, племиња, кнезови, старословенски јазик?

а) Волкашин
б) Кирил и Методиј
в) Старите Словени
г) Византија

---

2. Поврзи како што одговара

| | |
|---|---|
| Древни Македонци | . Балкански полуостров |
| Трачани. | |
| Власи. | . Карпати |
| Илири. | |
| Грци. | . Сава и Дунав |

---

3. Поврзи како што одговара

| | | |
|---|---|---|
| Кирил и Методиј | кирилица | поново писмо |
| Климент и Наум | глаголица | постаро писмо |

---

4. На кои настани те потсетува IX век?

а) употреба на глаголицата

б) преселување на Словените

в) Самоил

---

5. Во кој век се одвивала битката на Беласица?

а) X век

б) XI век

в) IX век

---

6. Со кој настан ги поврзуваш следните поими?

а) 1352 година

б) Волкашин и Углеша

в) исламизација

---

7. Што се случило порано: битката на р. Марица или смртта на Крале Марко?

---

8. Наведи ги поимите што ги поврзуваш (поблиску го определуваат, опишуваат со историската личност војвода Карпош?

---

9. Карпошевото и Разловечкото востание се кренале

а) во исто време

б) Разловечкото претходело на Карпошевото

в) Најпрвин било Карпошевото востание

---

10. Кое востание се кренало во периодот меѓу Карпошевото и Разловечкото востание?

---

11. На кој историски настан се однесуваат овие поими: манифест-1903-Питу Гули - "Смрт или слобода"?

---

12. Заокружи го точниот одговор

| | |
|---|---|
| 1939-1945 година | а) I Балканска војна |
| фашизам | б) I Светска војна |
| 6 април | в) II Светска војна |
| бомбардирања | г) II Балканска војна |

---

13. Наведи дел од историските настани што се одвивале во 1943 година?

---

14. Со кој историски настан ги поврзуваш следните податоци: Илинден 1944 год. Методија Андонов-Ченто, Св. Прохор Пчињски?

## д) Интерпретација на историските факти

Во наставата по историја презентирањето на историските факти се движи во рамките на одговорот ШТО (идентификација на историски факт), КАКО (манифестација на историскиот факт), КОГА (временска локација на историскиот факт). Овие аспекти претставуваат сознаен елемент на историските содржини без кои не би можело да се говори за историски настан. Возрасните можности на учениците не дозволуваат подлабоко проникнување во историските факти. Нивната презентација во учебниците прави обиди кон историските факти да се приоѓа комплексно на едноставен јазик и со адекватна постапност.

Меѓутоа, одговорите на наведените прашања упатуваат на дискрипција и прераскажување што во сознајна смисла го потенцира учењето на ниво на препознавање и репродукција. Наставата по историја треба да поставува задачи со посложено ниво и тежина кои би го наведувале ученикот историските факти да ги толкува. На тој начин наставникот ќе може да следи повеќе параметри на знаењето на учениците: квалитет, квантитет и трајност кои се продукт на подлабок аналитички приод кон програмските содржини. Од таму, една од задачите на наставата по историја треба да биде да го оспособи ученикот за интерпретација на историските факти. Тој процес е долготраен и треба да биде негуван во текот на севкупното школување на ученикот.

Во врска со тоа можат да се идентификуваат повеќе активности што ја сочинуваат интерпретацијата на историските факти во текот на наставниот процес (на сите степени на воспитно-образовниот систем), односно од развојно ниво на ученик до истражувач во историската наука:

**I. сознајна етапа**

- разбирање и сфаќање на времето, неговиот тек, траење, карактер и димензија;
- идентификација на времето како апстрактен поим;
- доживување на временскиот тек преку настани и случки од секојдневниот живот на учениците;
- идентификација на временски поими;

- оспособување на учениците за попрецизно одредување на времето;

- оспособување на учениците за прецизно мерење на времето (именување на временски категории);

- изработка на синхрони и хронолошки фрагменти од дескриптивен тип (асоцијации и компарации);

- потенцирање на историчноста (временската втемеленост) на настани, личности и појави и нивно апстрахирање од репродуктивна наративност;

**II. сознајна етапа**

- дескрепција на историски факти (настани, личности, појави и сл.);

- оспособување за временско втемелување на историските факти;

- сфаќање на историскиот факт како општествен развоен феномен;

- потесно и пошироко временско лоцирање на поединечен историски факт;

- идентификација на историскиот факт како причина (или последица);

- оспособување за временска хомеозичност на историските факти (временски споредби) според историското значење, временска последователност, временска синхронија и просторна локација.

**III. сознајна етапа**

- оспособување на учениците за сфаќање на историскиот каузалитет;

- оспособеност на учениците за т.н. историска таксиологија (подредување на историските факти според нивното значење) - настани од локално до пандемско значење;

- уочување на историски настани и личности од пресудно значење за текот на историјата (откритија, револуции и сл.);

- уочување на историски настани и личности - носители на интензивни и бурни историски промени;

- уочување на историски настани и личности од национално значење;

- сфаќање на историските феномени како процеси со временски тек и траење;

- уочување на сознанија од други наставни подрачја со историско значење и вредност (корелација: историски содржини - други наставни предмети);

- оспособување за користење на сознанија од непосредни учесници во историски настани (средби, разговори и сл.);

- оспособување на учениците за користење посредни извори на сознанија (споменици, спомен-куќи, меморијални средби, музеи и сл.);

**IV. сознајна етапа**

- толкување на историски факти од аспект на нивната комплексност;

- оспособување за анализа и толкување на примарни историски извори (работа на изворна историска граѓа);

- оспособување за користење на генетичната метода во приодот кон историските содржини (проучување на историски факти од нивниот зародиш);

- оспособување стекнатите сознанија од други научни области да го сфаќаат и разбираат во историска конотација;

- оспособување за т.н. genius seculi (сфаќање на духот на времето во одреден историски период - филозофија во историјата);

- формирање на своевидна методолошка култура во истражувањето на историските содржини;

- оспособување за историоматија (проучување на историската наука).

Севкупните активности во рамките на наставата по историја треба да бидат насочени кон развивање на историското мислење на учениците што претставува процес на оспособување историските содржини да останат трајна своина во нивните знаења. Ученикот започнува историски да мисли тогаш кога историскиот факт ќе му послужи како аргумент во одговорот на прашањето ЗОШТО.

## Литература


1. Адамческа, С. - Времето како поим во знаењата на учениците (истражување), Просветно дело бр. 1/1991 год.

2. Баковљев, М. - О индуктивном и дедуктивном закључивању у процесу стицања знања, Педагошки рад бр. 5-6/1966 год.

3. Безиќ, К. - Методика наставе природе и друштва, Школска књига Загреб, 1973 год.

4. Бишќан, К. - Како развијати појам хисторискoг времена и способност оријентације у њему, Погледи и искуства бр. 2/1966 год.

5. Богичевиќ, М. - Технологија савремене наставе, Завод за издавање уџбеника и наставних средстава, Београд, 1972 год.

6. Вученов, Н. - Основна питања извоѓења ефективне школске наставе и учења, Београд, 1970 год.

7. Методика разредне наставе (уредил Лекиќ, Ѓ.), Нова просвета Београд, 1991 год.

8. Небригиќ, Д. - Методика наставе познавања друштва, Завод за издавање уџбеника и СРС, Настава и васпитање бр. 2/1969 год.

9. Небригиќ, Д. - Основни проблеми васпитног рада у познавању друштва, Педагошка стварност бр. 10/1968 год.

10. Небригиќ, Д. - Дидактичко-методски захтеви концепције садржаја познавања друштва, Педагошка стварност бр. 3/1968 год.

11. Ничковиќ, Р. - Учење путем откривања проблема у настави, Београд, 1970 год.

12. Нола, Д. - Рјечник у наставном предмету познавања друштва, Школска књига, Загреб, 1965 год.

13. Пољак. В. - Дидактика, Загреб, 1970 год.